# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

## Мисионски проповеди 3/2024

*Сабо̄та, 6 јули 2024*

## Исусовата молитва за нас

*Јован 17*

**Вовед**

Едно од најохрабрувачките искуства за христијаните е кога некој друг се моли за вас – но не само да се моли за вас, туку и да се моли со вас. Кога некој се моли за вас во ваша присутност, нешто посебно се случува во вашето срце: чувствувате топлина и охрабрување. Постои чувство на блискост меѓу вас и таа личност и меѓу вас и Бога. Тоа е како заедно да тропате на небесната врата. Тоа е еден од најдобрите начини да се изгради заедница меѓу христијаните и еден од најсигурните начини да се оствари единство во црквата. Многу е тешко да постојат поделби и да се вкоренат кога луѓето заедно се молат. Дали вие сте имале такво искуство? Иако мораме повеќе да се молиме едни за други, јас цврсто верувам дека треба повеќе да се молиме едни со други.

Едно е да се молиме за некој и да се молиме со некој – да ги спомнеме нашите браќа и сестри во Христа пред Господа во молитва – но сосема друго е да сфатиме дека во Исуса имаме некој што посредува за нас. Дали вие знаете дека Исус се моли за вас? Дали знаете дека Тој оди пред својот Татко и се застапува за вас? Слушнете ги овие зборови од Евреите 7,25: „Затоа и може наполно да ги спасува оние, кои преку Него доаѓаат при Бога, зашто секогаш живее, за да посредува за нив“. Во Римјаните 8,34 има нешто слично: „Кој е оној кој ќе ги осуди? Христос Исус ли, кој умре – но уште и воскресна – кој е од десната страна на Бога и кој се застапува за нас?“

Некој еднаш рекол: „Кога би можел да слушнам како Христос се моли за мене во соседната соба, не би се плашел ни од милион непријатели. Сепак, далечината не прави никаква разлика. Тој се

моли за мене“. Ако сте доживеале искуство некој да се моли со вас – некој да е тука веднаш покрај вас, седи покрај вас изнесувајќи ги вашите грижи и потреби пред Бога, ве повикувам да си замислите како Исус го прави токму тоа. Сакам да ги затворите очите и да замислите дека седите со Исус. Сакам во својот ум да видите како се моли за вас. Додека замислувате како Исус се моли за вас со затворени очи, ќе го прочитам нашиот библиски текст. Слушајте го Исуса додека се моли (*Прочитајте Јован 17 глава*).

Во оваа глава, која ги претставува Исусовите последни моменти со учениците пред да биде фатен, Исус се моли за своите ученици. Знаејќи дека ќе мора да ги напушти, молитвата за нив е најдобар начин да ги подготви. Исус за нас бара три работи: **заштита, посветување и единство.**

**Исусовата молитва за заштита**

Индијанците имале единствен обичај за обучување на младите. Вечерта, во пресрет на тринаесеттиот роденден, откако ги научило вештините на ловот, извидништвото и рибарењето, детето го ставаат на последниот испит. Го оставаат во густата шума да ја помине ноќта сосема сам. Пред тоа никогаш не бил толку далеку од безбедноста на семејството и племето. Но оваа ноќ му ги врзувале очите и го воделе далеку повеќе километри. Кога ќе го тргнел превезот од очите се наоѓал среде густата шума и бил преплашен! Кога некое гранче би пукнало, тој си замислувал дека некое диво животно е подготвено да скокне врз него. По одредено време, кое за него изгледало како цела вечност, би се разденило и првите зраци на сончевата светлина ја осветлувале внатрешноста на шумата. Гледајќи околу себе, детето ги здогледувало цвеќињата, дрвјата и патеката. Потоа на негово крајно изненадување здогледувал фигура на човек како стои на неколку чекори од него, вооружен со лак и стрела. Тоа е неговиот татко. Тој бил тука цела ноќ.

Исусовата прва молитва за нас е молитва за заштита. Секако, за разлика од тоа младо момче, ние имаме предност што однапред знаеме дека нашиот Татко е тука за да нè заштити; иако, исто како и младото момче, не го гледаме секогаш нашиот Татко како нè

чува. Исус барал од својот Татко да нè „сочува“. Тој се моли, „*Свети Татко! Сочувај ги во името свое, оние кои ми даде, да бидат едно како и ние*“. Зборот *сочувај*, може да се преведе и како *заштити*, мислам дека тоа е корисен начин на размислување, посебно кога размислуваме за оној татко кој го штител својот син, додека синот бил во шумата и мислел дека е сам.

Од што треба нас да нè заштити? Исус бара да примиме заштита од злото, за да бидеме заштитени кога се соочуваме со искушението, спротивставувањето, прогонството итн. Тој смета дека неизбежно ќе се соочиме со такви работи.

Но Тој не бара да бидеме отстранети од нив. Како што вели Исус, „*Не те молам да ги земеш од светот*“. Но, додека се наоѓаме на овој свет, Тој сака да бидеме заштитени и сочувани. Исус сака да бидеме сочувани додека сме на овој свет. Исусовата молитва за заштита е молитва учениците да останат во – и да бидат обликувани – Божјото откровение што го примиле од Исуса, кога Исус нема повеќе да биде присутен физички. Исус вели, „*Сочувај ги во името, оние кои ми ги даде*“. Тоа е исто како да вели „Татко, помогни им да останат верни на она што го примија од мене. Без оглед на сето она со што се соочуваат во светот, без оглед на тоа како ги напаѓа злото, помогни им да останат во мене. Сочувај ги и заштити ги“.

Исто така, целта на ова барање е да обезбеди и единство на верската заедница, која е огледало на единството меѓу Таткото и Синот. Исус исто моли, „*Сочувај ги во името свое... да бидат едно како и ние*“. Поради зачувување на ова единство и соочувањето со космичката сила на злото Исус бара Божја помош. Така животот на црквата му се доверува на Бог. Бог сака да се зачува заедницата на единство кое постои меѓу верниците и Исуса. Ништо на овој свет не може да нè одвои од нашиот Господ“.

**Исусовата молитва за посветување**

Исусовата молитва за нас е молитва за посветување. Посветувањето овде значи „да станеме свети“, а да станеме свети значи да бидеме одвоени. Исус сака да нè „посвети“ за служба. Тоа има

врска со овојувањето за Божјата намера. Исус се моли да бидеме одвоени со вистината за да бидеме испратени во светот. Ние сме во светот, но како вели Исус, ние не сме од овој свет. За да бидеме свет, посветени, значи дека му припаѓаме на Бога и дека Тој нè одвоил за да ја оствариме неговата немара.

Ова е огледало на она што Исус го направи. Исус бара од Бога да направи за учениците она што Тој веќе го направил за Него: да ги одвои за Божјото дело на светот. Како што Бог го одвоил својот Син за мисијата на светот, така Исус бара од Отецот да ги издвои Неговите ученици за Божјото дело кое треба да се оствари на светот. Исус вели, „*Како што Ти мене ме испрати по светот, и јас нив ги испратив во светот*“.

Посветувањето не значи да се живее чист или свет живот, туку да се живее живот во послушност. Привлечноста на светот, слабоста на телото и нападите на ѓаволот се секојдневни битки. Посветувањето вклучува чистење на целиот живот на човекот за служба на Бога. Во Стариот завет, се работело за идејата на посветување на нешто, обично на жртва паленица. Тоа не значи очистување, како што е очистување од гревот. Исус се очистил себеси, иако немал грев на тој начин што се одвоил како жртва пред Бога, за ние, Неговите следбеници, исто така да бидеме чисти и свети. Посветувањето не е бегање од светот, туку покорување на Бога. Да се биде одвоен, не значи дека треба да бидеме ставени на некоја полица или заклучени.

**Исусовата молитва за единство**

Исусовата трета молитва е молитва за единство. Во еден цртан филм *Пинатс*, Луси бара од Лајнус да го промени ТВ каналот, заканувајќи му се со тупаница доколку не го стори тоа. „Зошто мислиш дека можеш да влезеш ваму и сè да ставиш под своја контрола?“ прашува Лајнус. „Со овие пет прсти“, вели Луси, „Поединечно не значат ништо, но кога ќе ги соберам во тупаница, создаваат оружје кое е страшно да го гледаш“. „Кој канал сакаш да го гледаш?“ прашува Лајнус. Се врти и ги гледа своите прсти и вели, „Зошто и вие не можете така да се организирате?“

Што значи да имаме единство? Тоа не значи дека се согласуваме за секоја поединечна точка во животот. Тоа не значи дека постои само еден начин на размислување. Но значи дека сме обединети во признавањето дека Исус е Божји Син. Тоа значи дека на единствен начин признаваме дека Отецот и Синот се едно и дека Отецот го испратил Синот на овој свет за да открие кој е Отецот.

Важноста на единството постојано се нагласува во нашите исечоци: „Ззапази ги во Твое име оние, кои Ми ги даде, за да бидат едно, како што Сме и Ние“ (11. стих). „Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил“ (20 и 21. стих). И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно, како што сме Ние. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сѐ едно, и да дознае светот дека Ти си Ме испратил, и нив си ги возљубил, како Мене што Ме возљуби“ (стихови 22,23).

Тоа не е единство кое можеме да го постигнеме со сопствен труд. Нашето единство настанува како резултат на нашето останување во Христа – насочување кон Него. Тозер, во својата книга „Потрагата по Бога“, вели, „Дали некогаш ви паднало на ум дека стотина клавири кои се наштимани со една вилушка, автоматски се усогласени едни со други? Тие сите се усогласени, но не едни со други, туку со друг стандард пред кој секој поединечно мора да се поклони. Така, кога од стотината верници кои се состануваат заедно, секој од нив гледа во Христа, во срцето стануваат поблиски едни на други отколку тогаш кога ќе станат свесни за ’единството’ а ги тргаат очите од Бога тежнеејќи кон поблиска заедница“ (A.W. Tozer in The Pursuit of God).

**„И јас ги испратив во светот“**

Целта на Исусовата молитва – Неговите молитви за наша заштита, посветување и единство – е да бидеме подготвени за да нѐ испрати по светот. Исус не бара од Отецот да нѐ сочува само

за да чекаме додека Тој повторно да дојде. Да се биде одвоен не значи да бидеме некаде ставени во некој магацин. Исус вели, „Како што Ти Ме испрати Мене во светот, така и Јас ги испратив во светот.“ Ние сме сочувани и заштитени, посветени и обединети за да можеме да го продолжиме Исусовото дело на светот. Бидејќи ние сме на светот, иако не сме од светот. И додека сме тука, постои работа која треба да ја сработиме.

Исусовата работа била откривање на карактерот на својот Отец: да му ја покаже Неговата љубов на светот и да живее според таа љубов поради другите кои веруваат. Исус тоа го направил така што на крајот отишол на крст и го дал својот живот за другите.

Така, како што Исусовата единствена цел и мисија била да биде одвоен за Божјото дело на светот, така и учениците треба да бидат одвоени, посветени за Божјото дело на светот. Исус тоа можел да го направи, бидејќи Отецот го сакал и Тој го сакал својот Отец; тие се едно; и Тој го прославил својот Отец, и како резултат на тоа, Отецот го прославил Него. Затоа единството е толку важно. Нашето сведоштво и посветеност на Божјото дело има своја посебна содржина на љубов кон другите, засновано на љубовта што Исус ни ја открил. Оваа љубов станува очевидна во безбожниот свет. Со други зборови, само ако се сакаме едни со други можеме да се надеваме дека ќе бидеме успешно сведоштво на светот. И затоа сме повикани да бидеме сведоци. Исусовата молитва за нас не е само да бидеме заштитени, додека не дојде Тој, туку исто така да бидеме испратени како што Тој бил испратен. Ние имаме мисија, удел во Неговата мисија, и само преку единството на љубовта можеме да живееме во таа мисија. Тоа е Исусовата молитва и Неговото барање да бидеме сочувани, посветени и обединети за да ја исполниме целта да бидеме сведоци на светот. Учениците, вклучувајќи нѐ и нас, ја продолжуваат Исусовата мисија на светот. Ние имаме налог.

Единството е толку клучно за сведочење и мисија бидејќи светот, дефиниран со конфликти, распрснати заедници, нефун-

кционални семејства, со распукнати и речиси непостоечки општествени заедници, таквото единство навистина би било знак дека Бог дејствува зашто ниеден човечки труд не може тоа да го постигне. Таа љубов, која треба да му ја покажеме на светот, ја одразува сета љубов што Синот ни ја покажал нам; што значи дека нашата меѓусебна љубов треба да биде скапоцена, пожртвувана љубов, кога сме подготвени да го положиме животот едни за други, така како што Исус го направи тоа за сите нас. Исто така, ова значи да ја примиме славата. Исус ја примил славата непосредно пред Неговиот час: Неговата слава ја вклучува Неговата смрт. Кога го следиме Исус по истиот пат и ние ќе ја примиме славата.

**Исусовата молитва за нас**

Многу е важно овој исечок да го сфатиме како молитва. Исус од својот Отец бара да му го овозможи тоа. Тој бара од Бога да нè заштити. Тој од својот Отец бара да нè посвети. Тој од својот Отец бара да нè направи да бидеме едно во срцето и умот. Тоа не се работи кои можеме сами да ги постигнеме. Не можеме сами да се сочуваме. Не можеме сами да се посветиме. Сосема е сигурни дека сами не можеме да станеме едно и да создадеме единство меѓу себе. Исус своите ученици му ги доверува на Бог Отецот.

Сè Исус бара од својот Отец во оваа глава, може да се заклучи од она што го рекол на крајот од својата молитва, „*Им го покажав името Твое, и ќе им покажам: дека љубовта со која мене ме љубеше во нив да биде, а и јас во нив*“. Љубовта е клучот.

За време на Втората светска војна, Хитлер им наредил на сите верски групи да се обединат за да може да ги контролира. Меѓутоа, половина од христијанските заедници се покориле, а половина одбиле да го направат тоа. Оние што се покориле, живееле многу полесно. Оние што одбиле, се соочиле со остро прогонство. Речиси во секое семејство кое одбило да се покори, имало по некоја жртва што умрела во концентрационен логор. Кога завршила војната, чувството на огорченост меѓу групите било

многу длабоко и меѓу нив имало голема напнатост. Конечно било решено дека ситуацијата треба да се исцели. Водачите од секоја група дошле на еден состанок.

Неколку дена секој поединец поминувал време во молитва, истражувајќи го своето срце во светлината на Христовата заповед. Потоа повторно се состанувале. Френсис Шаефер, кој го раскажал овој настан, запрашал еден пријател што бил присутен; „Што направивте потоа?", „Бевме едно", му одговорил тој. Додека му го признавале на Бога своето непријателство и огорченост, покорувајќи се на Неговата контрола, Светиот Дух создал дух на единство меѓу нив. Љубовта го исполнила нивното срце и ја стопила омразата. Кога љубовта преовладува меѓу верниците, посебно за време на силни несогласувања, таа пред светот претставува непобитен знак за вистински следбеник на Исуса Христа. Сите ние сме повикани да бидете такви Христови следбеници.

*Сабота, 3 август 2024*

## Не презирајте го денот на малите работи!

Се сеќавам на возбудата во моето соседство кога бев дете, кога некој ќе почнеше да гради голема куќа на празното земјиште на крајот од нашата улица. Доаѓаа камиони со цемент за да ги наполнат темелите, а подоцна со денови го слушавме силното чукање на работниците додека ги поставуваа дрвените рамки за ѕидовите. А потоа сите си отидоа. Никогаш не дознав зошто. Ниту една шајка веќе не беше закована. Дрвената рамка стоеше зиме и лете – сè додека живеев таму – куќа од даска и уште неколку други работи.

И некои Божји проекти исто така стојат. Пет векови пред Исусовото раѓање, Израелците се вратиле од прогонство и откриле дека Ерусалим се наоѓа во урнатини, а нивниот сакан храм бил

уништен. Со голем ентузијазам почнале да го обновуваат. Сепак, Зоровавел, водачот, не отишол подалеку од поставувањето на темелите пред да се судри со опозицијата. Соседите со сите сили се бореле против овој проект. Конечно, успеале да добијат забрана што ја запрела изградбата (Јездра 4). Непријателите се потсмевале. Оние што ги поддржувале Изралецците, станувале сè пообесхрабрени. Со години градилиштето стоело во тишина.

Зоровавел се чувствувал како да доживеал неуспех. Имале многу други работи кои требало да се направат. Зоровавел започнал да ѕида сопствена, со дрво обложена куќа. Но, неговиот голем сон се угаснал.

Веројатно, бил речиси ист како на нас останатите, кога ќе ни се случи неуспех. Исчезнува и она малку самодоверба што сме ја имале. Се обидуваме со негирање да се поштедиме себеси од болката. Нашиот понатамошен труд се соочува со скептицизам. Се штитиме себеси така што повеќе не си поставуваме големи цели и немаме големи надежи. Повеќе гледаме во земјата, отколку во небото, во минатото, отколку во иднината.

Но еден ден, еден Божји човек, Захарија, почнал да изговара зборови кои на му прободеле срцето на Зоровавел и го исполниле со нова надеж: „Еве ги Господовите зборови на Зоровавела“, гласела пораката. Зоровавел чувствувал како му чука срцето додека пораката продолжувала: „Тогаш тој ми одговори вака: ‘Еве ги Господовите зборови на Зоровавела: ‘Не со сила ни со снага туку со Мојот Дух! - слово е на Господа над Војските. Што си ти голема горо? Пред Зоровавела стануваш рамница! Тој ќе го извлече врвниот камен со восклuкнување: ‘Благодат! Благодат нему!’ Потоа ми дојде Господово слово:’Зоровавеловите раце му ставија основи на овој Дом, неговите раце ќе го довршат‘“ (Захарија 4,6-9).

Проектот навистина изгледал како огромна планина која не може да се помести, си мислел Зоровавељ. Но, сега, со Бога, знаел дека навистина може да го заврши храмот.

Последните зборови на пророштвото биле како удар од молња: *„Зашто, кој го презре денот на скромните почетоци? Ќе се*

*радуваат кога ќе видат камено висулче во Зоровавеловите раце. Овие седум се Господовите очи што ја опфаќаат со поглед сета земја*“ (10. стих).

Тој го презрел тој ран почеток. Колку бил слаб, колку бил безначаен, наивен! Сепак, без оглед на сѐ, Бог бил во тој почеток.

Честопати кога работиме за Бога, нѐ напаѓаат непријатели... ние толку се обесхрабруваме што дури и не сакаме повеќе да се обидуваме. Но, Бог се воодушевува кога ќе земе нешто безначајно и од тоа прави нешто добро. Таков пример можеме да видиме низ историјата:

- Мојсеевата палка, која го спасила народот од Египет (2. Мојсеева 4, 1-9);

- Магарешкиот череп во рацете на Самсон (Судии 15, 14-16);

- Пет мазни камења кои направиле да падне Голијат (Тогаш Илија одговори вака: „Оди си во мир! А Израелевиот Бог нека ти ја исполни молитвата со која Го молеше.” (1. Самоилова 17);

- Една рака брашно и малку зејтин, што ја нахраниле вдовицата која со години гладувала (2. Царевите 4, 1-7);

- Пет јачмени леба и две риби кои го нахраниле мнозинството. (Матеј 14, 13-21);

- Семето од синап за кое Исус рекол дека ќе стане големо дрво и засолниште за птици (Матеј 13, 31-32).

Која мала работа, кој сон, кој погрешен почеток сте го презреле? Вашата мала црква, вашата мала група за проучување на Библијата, вашата надеж за Христовата служба? Дали ги презирате вашите неуспеси? Немојте. Предајте му ги на Бога, кој ужива да ги земе човечките слабости и да ја покаже својата сила. Погледнете ги уште еднаш вашите отфрлени соништа, но овој пат погледнете ги низ Божјите очи: „Не со сила ни со снага туку со Мојот Дух! - слово е на Господа над Војските’“ (Захарија 4,6). И на крај да ви кажам, кога неодамна се вратив во своето старо соседство, некој ја завршил онаа куќа на крајот од улицата. Прекрасна е.

*Сабота, 7 септември 2024*

**Духовен успех**

1. Петрово 2 глава

Додека бев млад пастор во едно место, во црковната канцеларија над фотокопирот се наоѓаше постер со некои интересни податоци. Меѓу останатото имаше:

- Томас Едисон направил 500 сијалици, пред една да успее да проработи.

- Хенри Форд заборавил да вгради рикверц во првиот автомобил што го направил.

- Виљам Џенингс Брајант ја повикал, со копно опкружената држава Швајцарија, на конвенција на крајбрежните земји.

Мислам дека поентата на постерот била, дека без оглед на тоа кои сме, ќе правиме грешки долж целиот животен пат. Научив дека вистинската разлика меѓу успешниот и промашениот живот не се наоѓа во способноста на личноста. Се работи за она кон што тежнее личноста. Можеби сте ја слушнале старата поговорка, „не е во прашање големината на кучето во борбата, туку величината на борбата во кучето". Тајната на успешниот христијански живот не е во победите или совршеностите, туку во стремежите, поттиците и решителноста на верникот.

**I. Исхрана на светиот народ (стихови 1-3)**

Петар својата дефиниција за успешен христијански живот ја започнува со поглед на нашата „исхрана". Тој ја истакнува храната којашто треба да ја отфрлиме и храната која треба да ја внесеме. Во исфрлањето на погрешната храна, Петар ја наведува злобата, лагата, дволичноста, љубоморатa и клеветата. Во изразите на исхраната, тоа е лоша храна, полна со празни калории и без хранлива вредност.

Веројатно сте слушале за разни диети чија цел е да ги отстранат повеќето јаглен хидрати од нашите оброци и да ги заменат

со протеини. Во тие диети јаглен хидратите се лоши. Во диетата на Петар постои список на она што не смееме да го јадеме.

Сега можеме да поминеме многу време разговарајќи за секоја од овие теми и зошто Петар нè поттикнува да се ослободиме од нив, но мислам дека сите знаеме зошто. Очигледно е дека секоја од овие теми е спротивна на Христовата природа и ќе нè одведе во живот кој ќе спречи Духовните родови да растат во нас.

Пред многу години еден комичар зборувал дека Библијата е книга која зборува што не треба да се прави. Но, кога се преобратил, рекол дека во неа го наоѓа сè она што треба да го прави. Неговата филозофија била дека, ако се насочуваме на она што треба да го правиме, немаме време за она што „не треба". Наместо да се насочуваме на она што не треба да го правиме, ајде да се насочиме на она што треба да го правиме.

Нашата исхрана треба да се состои од вистинското духовно млеко. Петар користи два израза за да ја опише духовната храна со која треба да се храниме. Едниот збор е „вистинско". Ние денес имаме пастеризирано, хомогенизрано, обезмастено млеко, млеко со различен процент на ова или она и кој знае уште колку многу видови. Петар вели дека треба да го користиме вистинското млеко. Ништо не треба да му се додаде, ништо не треба да му се одземе и тоа не е изменето.

Вториот збор што Петар го користи е „млеко". Млекото е поврзано со исхраната на бебето. Млекото помага во растот на коскитe и забите. Млекото исто така помага со витамините и за имунитетот. Нашата духовна исхрана треба да изгради силен имунитет.

Што е млекото за кое Петар вели дека треба да го пиеме? Тоа е Светото писмо. Само неколку стихови station наназад, во 1,25 читаме: „Но словото Господово останува засекогаш. А тоа слово е Евангелието што ви беше објавено". Петар нè поттикнува да пиеме од чистата и хранлива Божја Реч - од Библијата.

Во христијанските цркви денес владее една епидемија: Повеќето луѓе кои редовно одат во црква се библиски речиси непис-

мени. Во својата книга, „Навиките на високо успешните цркви" Џорџ Барна тврди дека црквите кои се успешни и растат имаат намерен, осмислен, систематски библиски образовен процес. Тој наведува дека неговото истражување покажува дека помалку од 10 проценти христијани имаат библиски поглед на светот кој го обликува нивното размислување. Тоа значи дека повеќе од 90 проценти христијани немаат доволно библиско знаење за да можат да го изградат својот библиски поглед на светот. Некои можеби ќе тврдат дека го имаат тоа знаење, но дека не го користат. Јас би кажал дека, да се биде христијанин, значи да се живее во согласност со она што го кажува Библијата. Мислам дека не се работи за проблем околку примената. Мислам дека се работи за проблем во врска со знаењето.

Дали на телевизија сте виделе ТВ реклами или емисии со слики на недоволно нахранети деца од земјите од третиот свет: Нивните скелети им се гледаат под кожата, стомакот им е надуван, а очите им светат како стакло поради недостаток на сила и енергија. За жал, тоа е духовната слика на повеќето христијански цркви. Ние сме духовно неисхранети и не се храниме со богатото и чисто млеко, со Божјите зборови.

Колку време поминувате во читање на Библијата во однос на гледањето телевизија. Дали сте дел од некоја група за проучување на Библијата или немате време за тоа? Колкумина од вас утрово ја донесовте својата Библија, или колкумина од вас ќе ја читате во текот на седмицата, надвор од црквата?

Петар сака да изградиме силен скелет кој ќе го држи нашето духовно тело. За да го направиме тоа, мораме да престанеме да јадеме лоша храна – храна која е полна со празни калории и нема хранлива вредност – и да почнеме да пиеме богато, хранливо млеко од Божјата Реч.

**II. Стремежот на светиот народ (стихови 4 и 5)**

Исхраната на светиот народ е важна за духовниот успех, но исто така е важен и дизајнот на светиот народ. Петар поминува

од внатрешните теми на она што го јадеме, на надворешната природа, како сме градени. Како и кај храната, постои нешто што треба да го отфрлиме и нешто што треба да го прифатиме.

Петар вели дека сме дошле до живиот камен, оној кој луѓето го отфрлиле, а го прифатил Бог. Тој ни вели дека, кога ќе дојдеме кај тој камен, и самите стануваме жив камен кој се користи за изградба на духовните куќи за светото свештенство. Колку прекрасен исечок.

Најпрво Петар го опишува Исуса како жив камен. Дали се сеќавате кога Петар искажал големо признание дека Исус Христос е Син на живиот Бог. А Исус ќе му каже: *„на оваа карпа ќе ја изградам својата црква*". Така, Исус е живиот камен.

Но Исус исто така бил отфрлен од луѓето. Кога Исус бил на Земјата, верските водачи во тоа време непрестајно му се спротивставувале и конечно ги убедиле другите да им се придружат и да го распнат Исуса. Исус доживеал многу отфрлања и противења во текот на својата служба на земјата. Конечно, Бог, Исусовата смрт на крстот ја употребил како аголен камен на она што ќе биде црква. Она што ги обединува сите верници во едно тело е тоа што веруваме во смртта, погребот и воскреснувањето на Исус, Божјиот единствен Син.

Но Петар понатаму вели дека и ние сме жив камен. Како е можно Христос да биде жив камен, а и ние да бидеме наречени живи камења? Тоа е затоа што, кога ќе го прифатиме Христа, Тој доаѓа да живее во нас. Тоа исто така значи да се поистоветуваме со неговиот живот. Во Филипјаните 3,10 Павле пишува: „ за да Го познавам Него, и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, станувајќи сличен на Него во Неговата смрт".

Честопати ние веднаш преминуваме на силата. Сакаме да ја знаеме силата на Неговото воскресување. И тоа е одлично, можеме тоа да го дознаеме, но погледнте го патот кој води до таа сила. Дали сакаме да ја запознаеме заедницата на Неговите маки, или да бидеме слични на Неговата смрт? Исус, иако бил отфрлен од луѓето, тој бил насочен кон исполнување на Божјата волја. За

нас патот е ист. За да ја пронајдеме силата на Светиот Дух во нашиот живот, мораме да бидеме подготвени да претрпиме отфрлање од светот, да бидеме насочени кон Божјата волја и да умреме за својата стара природа.

За да бидеме голема духовна градба и да имаме духовен успех, ние мораме да решиме за кого ќе го градиме нашиот живот. Ако сакаме да го градиме за светот, тогаш ќе градиме за пари, положба, престиж, удобност, леснотија. Ќе градиме на себичен начин. Но ако градиме за Бога, тогаш мораме да почнеме со Неговиот аголен камен - Исус. Сè во градбата се усогласува со тој жив камен. Но, ако го следиме Божјото водство, ќе почнеме да гледаме како во нашиот живот се гради духовниот успех.

Тоа не значи дека секогаш ќе биде лесно. И ние ќе се соочиме со нашиот дел на отфрлување и спротивставување од страна на светот. Дали ќе ја извршуваме нашата работа на чесен и праведен начин? Дали ќе останеме верни на својот брачен другар и деца? Дали ќе се откажеме некои таканаречени „животни луксузи“, за да му служиме на Христа и на Неговото царство? Тоа се некои тешки одлуки на овој пат, но ако сакаме да му угодиме на Бога, тогаш мораме да го градиме животот на Божји начин.

**III. Дестинација на светиот народ (стихови 6 и 7)**

Петар нè насочил кон успехот на тој начин што погледнавме внатре, на нашата исхрана, потоа гледавме надвор, на животот кој го градиме и како тој нè насочува напред, а сега ја нагласуваме завршната линија во нашата вера. Како и порано, и овде постои порака за отфрлањето или прифаќањето.

Петар ни вели дека тие кои ја ставаат верата во Исуса како нивен аголен камен, нема да бидат отфрлени или посрамотени. Всушност, тој ни вели дека Бог ќе ни даде чест. Оваа чест или отфрлување ќе се случат во иднина, во последниот суд. Но, Петар овде ни кажува дека ние сега решаваме дали ќе добиеме чест или ќе се посрамиме. Како некој може да знае дали ќе добие чест од Бога или ќе биде отфрлен и посрамотен?

Кога ќе ги прашате луѓето, „Според вашето лично размислување, што е потребно за човекот да стигне на небото?“, секогаш сум запрепастен од бројот на луѓето кои зборуваат за нешто што направиле. Повеќе луѓе имаат идеја дека Бог на небото има голема вага. Кога ќе стигнете, Тој, сè она добро што сте го направиле ќе го стави на едната страна од вагата, а сите лоши работи на другата страна. Тогаш, ако имате направено повеќе добро отколку лошо, ќе одите на небото. Но, Библијата не учи така.

Конечната одлука за Божјото прифаќање или отфрлање на некоја личност е врзана за нејзиното прифаќање или отфрлување на Исус. Не нè спасуваат нашите дела, туку нашата заедница со Божјиот Син. Оние што го познаваат Исус како свој Спасител и Господ, ќе бидат примени на небото.

Но, што е со оваа чест што ја спомнува Петар? Понекогаш сум повикан некаде на вечера или на банкет во чест на некој почесен гостин. Обично неколку луѓе зборуваат за карактерот и достигнувањата на тој поединец. На тој начин им оддаваат чест. Јаков во 2, 17 ни вели, „Така и верата: ако нема дела, мртва е сама по себе.“ Овие дела немаат никаква врска со спасението, туку со силата на Светиот Дух во нашиот живот.

За тоа размислувајте на овој начин: подготовката води до производство. Кога го градиме својот живот околу аголниот камен, Исуса Христа, ќе ја сакаме и Божјата исхрана и дизајнот. Кога Исус ќе стане централниот фокус на нашиот живот, ќе ја изгубиме желбата за лошата храна и ќе го сакаме богатото, чисто млеко од Божјата реч. Кога растеме во нашата заедница со Исуса, помалку ќе се грижиме за она што мисли народот, и повеќе ќе мислиме за она што му е угодно на Бога. Кога ќе се постави аголниот камен, тој укажува на дестинацијата на зградата. Ако аголниот камен е „јас“, тогаш ќе се произведе себичен живот.

Ако аголниот камен е Исус, тогаш Христовиот живот ќе биде накалемен на нашиот живот. Ако себеси се подготвуваме преку исхраната и стремежот, дали можеме да очекуваме дека силата на Светиот Дух ќе го произведе духовниот успех во нашиот живот.

**Заклучок**

Ако сакаме духовниот успех да биде наша дестинација, ние мораме да обрнеме внимание на нашата исхрана и на нашите стремежи. Која е вашата духовна дестинација во овој момент? Дали се наоѓате на патот на отфрлувањето и срамот или на прифаќањето и честа? Можете да ја промените вашата дестинација. Можете ли да преминете од отфрлување на прифаќање ако го прифатите Исуса.

Дали Тој ќе биде вашиот аголен камен? Што е со вашата исхрана? Дали вашиот духовен живот го полните со лоша храна или се гостите со богатото и чисто млеко – Божјата реч? Што е со вашите стремежи? Дали сакате да им угодите на луѓето или на Бога?

Духовниот успех е поврзан со сигурна дестинација, силна исхрана и искрениот стремеж да му угодиме на Бога.

Колку е успешен вашиот духовен живот?

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
3/2024
Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба